НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 164. Дата: 18. 02. 2013.**

## Историјата на познатите брендови

Денес, во светот на глобалната трговија и поврзаност, фирмите, особено оние големите и успешните, стануваат препознатливи и преку своите брендови и лого (заштитен знак). Така, на пример, ако на некој компјутер има слика со нагризано јаболко, веднаш знаеме дека станува збор за познатата, компјутерска фирма „Apple”. Ако автомобилот има знак со круг и трокрака ѕвезда во него, знаеме се работи за автомобилската индустрија „ Mercedes Benz“.

Но дали сте се запрашале како настанале и која е историјата позади заштитните знаци на некои познати брендови или фирми? Во овој број ќе ви ги откриеме тајните на две од нив:

**„Apple Inc.“** е позната компјутерска корпорација која беше основана од страна на Стив Џобс и неговите партнери во 1976 година. Заштитниот знак на „Apple“ е каснато јаболко и има две верзии за неговото значење и историја.

Се шпекулира дека тоа го означува забранетото овошје од рајската градина. Според Библијата, змијата им кажала на Адам и на Ева, дека ако каснат од плодот, ќе им се прошири знаењето за доброто и злото. Веројатно идејата е дека по симболичен начин овој знак потсетува на можноста за проширено знаење, иако знаеме дека во случајот со Адам и Ева тоа беше погрешен избор.

Според други извори, знакот го симболизира јаболкото што падна на главата на Исак Њутн и го инспирираше да го открие законот за гравитацијата. Оттука „Apple“ е инспирација за нови откритија, пронајдоци и развој.

**„Mercedes Benz“** е уште еден познат бренд, од автомобилската индустрија. Овој бренд (подоцна и самата компанија) го добил своето име според ќерката на германскиот бизнисмен Емил Јелинек, кој се занимавал со автомобили. Нејзиното име било Мерцедес Адријен Мануела Јелинек, па според неа и еден од првите автомобили во неговата фирма, бил наречен Мерцедес.

Заштитниот знак, ја симболизира мисијата на компанијата; краците посочуваат кон три нешта: копното, водата и воздухот. Симболично, тоа се три области во кои компанијата доминира.

Но треба и да се внимава, да не се претера, кога се во прашање симболиките или пораките позади кои стои одреден бренд. И најмоќните компании сепак се само човечка творба.

Една приказна зборува за христијански проповедник, кој бил повикан во една радио емисија и таму слушнал рекламен запис: „пијте го нашето пиво, ќе ви даде живот“. Во тој момент, проповедникот инстиктивно го грабнал микрофонот и изговорил во етерот „тоа не е вистина“. Бидејќи изјавата ја слушнале и слушателите на радиото, пивската компанија се почувствувала засегната и одлучила да го тужи проповедникот за клевета. На судот, проповедникот се одбранил со следниве зборови: „донесете ми еден мртовец и јас ќе му сипам во устата од вашето пиво; ако оживее, тогаш вашата реклама е вистинита и јас ќе ја платам казната за навредата“. По ова судот пресудил во корист на проповедникот.

Во крајна сметка, треба да знаеме дека Бог е над сѐ и над сите институции. Во Библијата пишува: *„Бог ги менува добата и времињата, ги руши и ги поставува царевите, им дава мудрост на мудрите, а знаење на разумните*“. (Книга на пророкот Даниел 2:21)

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**